Врз основа на член 27, став 4 од Законот за финансирање на локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка – пречстен текст („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 8/10), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 28.12.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За усвојување на Буџетскиот календар за планирање на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2016 година**

1. Се усвојува Буџетскиот календар за планирање на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2016 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09 – 3376/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**28.12.2015 год.** **Претседател,**
**Крива Палнака** **М-р.Борче Стојчевски,с.р.**

---

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР**
**ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**ЗА 2016 ГОДИНА**

Со овие процедури се утврдуваат роковите со кои е потребно да се спроведат неопходните активности кои ги превзема Градоначалникот за доставување на главните насоки за изготвување на финансиските планови на општинските буџетски корисници.

Врз основа на утврдените приоритети и цели на Општината кои треба да се постигнат во одделни области за конкретните активности, општинските корисници треба да ги доставуваат своите финансиски планово до Градоначалникот. По изготвувањето Градоначалникот го доставува предлогот на Буџетот до Советот на Општината.

**МОЖЕН РОК**

**1 септември** Формуларите за подготовка на предлог буџетската пресметка се подготвуваат и дистрибуират до општинските буџетски корисници од страна на Градоначалникот и финансискиот одел на Општината го донесува Буџетскиот календар

---

**15 септември** Буџетските информации за тековната година и за минатата се ставаат на формулари за секој одде и општински буџетски корисник заедно со
упатствата за основните насоки и препораки од Градоначалникот

---

**1 октомври** Проценката на трошоци за следната буџетска година се враќаат на финансискиот оддел од страна на раководителите на одделите и општинските буџетски корисници

---

**10 октомври а)** Се анализираат буџетските барања од страна на финансискиот оддел
**б)** Барањата се анализираат,усогласуваат и поднесуваат до Градоначалникот
**ц)** Се изготвува предложениот трошковен план од финансискиот оддел
**д)** Се подготвува предложената програма за приходи од страна на финансискиот оддел



---

**15 октомври** Градоначалникот ги разгледува и одобрува предложените предлог- Буџетски пресметки и го одобрува Предлог - Буџетот

---

**15 ноември а)** Предлог –програмите се доставуват до Советот на Општината
**б)** Се објавува содржината на Предлог-програмите и се дава достапност на јавноста
**ц)** Се одржуваат јавни расправи

---

**1 декември** Се доставува конечен Предлог-Буџет од страна на Градоначалникот

---

**20-31 декември** Седница на Советот на Општината за донесување на Буџетот за наредната буџетска година

---

**1 јануари** Започнува новата буџетска година

---

**Бр.09 – 3376/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**28,.12.2015 год.** **Претседател,**

**Крива Паланка** **М-р.Борче Стојчевски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлука за утврдување на Буџетски календар за планирање на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2016 година**

1. Се прогласува Одлуката за утврдување на Буџетски календар за планирање на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2016 година, што Советот ја донесе на 28-та седница, одржана на ден 28.12.2015 година.
2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.
3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3376/4** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**29.12.2015 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Vrz osnova na ~len 36 stav 1 to~ka 2 od Zakonot za lokalna samouprava ("Slu`ben vesnik na R.M."br.5/2002) i ~len 28, став 1 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа ("Slu`ben весник na РМ“ br.61/04, 96/04, 67/07 и 192/15), Sovetot na Општина Kriva Palanka na 28-та sednica, odr`ana na den 28.12.2015 godina, donese



**Б У Џ Е Т**
**НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА 2016 ГОДИНА**

1. **Општ дел**

**Член 1**

Буџетот на Општина Крива Паланка за 2016 година се состои од:

| | |
|---|---|
| **I. ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **355.338.500** |
| Даночни приходи | 45.940.000 |
| Неданочни приходи | 9.о65.000 |
| Капитални приходи | 34.620.000 |
| Приходи од дотации | 153.845.000 |
| Приходи од Трансфери | 104.202.000 |
| Приходи од донации | 7.666.500 |
| **II.ВКУПНИ РАСХОДИ** | **346.961.500** |
| Од утврдени намени | 346.361.500 |
| Расходи од резерви | 600.000 |
| **III.ДЕФИЦИТ** | **8.377.000** |
| **IV.ФИНАНСИРАЊЕ** | **8.377.000** |
| **Прилив** | **0** |
| Домашни приливи | 0 |
| Странски заем | 0 |
| **Одлив** | **8.377,000** |
| Отплата на главница | 8.377,000 |

**Член 2**

Приходите на Буџетот по видови на приходи се утврдени во билансот на приходи, а расходите по основни намени се утврдени во билансот на расходи и тоа како што следува:

**Член 3**

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09-3376/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**28.12.2015 год.** **Pretsedatel,**
**Крива Паланка** **М-р.Борче Стојчевски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлука за усвојување на Буџет**
**на Општина Крива Паланка за 2016 година**



1. Се прогласува Одлуката за усвојување Буџетот на Општина Крива Паланка за 2016 година, што Советот ја донесе на 28-та седница, одржана на ден 28.12.2015 година.
2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.
3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3376/6** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**29.12.2015 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на Единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 61/2004, 96/2004, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15) и член 14 од Статутот на Општината Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Советот на Општина Крива Паланка на 28-та седницата, одржана на 28.12.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За извршување на Буџетот на Општината**
**Крива Палнака за 2016 година**

**Член 1**

Буџетот на Општината Крива Паланка за 2016 година (во понатамошниот текст Буџетот), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

**Член 2**

Буџетот на Општината се состои од: Основен буџет, Буџет на самофинансирачки активности, Буџет на донации, Буџет на дотации и Буџет на кредити.

**Член 3**

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

**Член 4**

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на Општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

**Член 5**

Градоначалникот на Општината ја следи реализацијата на Планот на приходите и другите приливи на основниот буџет на Општината и доколку оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со Буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапуваат од Планот, му предлага на Советот на Општината изменување и дополнување на Буџетот.

**Член 6**

Пренамената во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на Општината.



Бицетските корисници во тековната фискална година може да вршат прераспределби во рамките на определените буџети. Прераспределбата за буџетските корисници ја одобрува Советот на Општината. Одобрените средства во Буџетот на ниво на ставки во рамките на потпрограма и Буџет неможат да бидат намалени повеќе од 20% со прераспределби во тековната фискална година, а

одобрените средства за плати наемнини и надоместоци на ниво на ставки во рамките на Буџетот неможе да се зголемат со прераспределби за повеќе од 10%.

Во Основниот буџет во фискалната година не е дозволено проширување на планираните финансиски средства.

**Член 7**

Буџетските корисници, во услови кога во буџетот на самофинансирачки активности; буџетот на донации и или буџетот на дотации, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои градоначалникот ги доставува до Советот на Општината на одобрување.

**Член 8**

Буџетските корисници по усвојувањето на Буџетот изготвуваат годишен финансиски план на квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

**Член 9**

Исплатата на платите на вработените и на сите буџетски корисници ја контролира и одобрува Градоначалникот на Општината, а ќе се реализира во рамките на обезбедените средства во буџетот преку исплата на бруто плати за вработените и избраните и именуваните лица.

Појдовната основа за исплата на плата на избраните и именуваните лица, основица е износот од 26.755,00 денари која ќе се применува се до објавување на нова основица во текот на 2016 година, коефициент за исплата на плата на Градоначалникот е 2,90.

Вредноста на бодот за вработените кои немаат статус на државни службеници е определена според Правилникот за исплата на плата на недржавни службеници во висина од 18,20 денари – бруто и ќе ги прати промените со исплата на плати на државните службеници.

Исплатата на плата на лицето ВД во ЛУ „Градски музеј“ ќе се исплатува со коефициент 2,95 и бруто основица 12.492 денари, согласно со Статутот и Правилникот.

Месечниот надоместок за присуство на седница на Советот ќе се исплатува 50% од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година.

На претседателот на Советот на Општината, за раководењето и организирањето на работата на Советот, надоместокот за присуство на седницата се зголемува 30%. Месечниот надоместок за присуство на седницаите на Советот се исплатува за присуство за сите седници на Советот во тековниот месец. Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се намалува за 30% за секое отсуство од седницата на Советот. Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот не се исплатува доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница на Советот во тековниот месец.



Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот не се исплатува доколку Советот во тековниот месец не одржал седница.

**Член 10**

Исплатата на платите во локалните јавни установи ја контролира и ја одобрува Министерството за финансии. Општината е должна 2 (два) дена пред исплатата на плати до Министерството за финансии да достави Барање за одобрување на средства за плати со приложување на обрасците ПДД–МП и МП–1,копие од Рекапитулација за пресметани плати, образец Ф–1 за број на вработени по име и презиме, плата како и други податоци во пишана и електронска верзија за односниот месец за кои се однесува исплатата и образецот 6.

**Член 11**

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување, и други случаи на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен.

Во случај на смрт на работникот на семејството му се исплатува паричен помош во висина од 30.000,00 денари, а во случај на смрт на член на неговото семејство (брачен другар, деца и родители се исплатува 15.000,00 денари по претходно поднесено барање.

Се исплатува опремнина при одење во пензија на работникот во висина од 2 (две) просечни месечни плати.

**Член 12**

Користењето на средствата од буџетот на Општината за вршење на функциите на буџетските корисници се набавуваат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите неможе да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во противвредност од 6.000,00 денари каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 13**

За средствата утврдени во Буџетот на Општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва), одлучува Градоначалнликот и Советот на Општината а ги извршува градоначалникот. За искористените средства градоначалникот е должен да поднесе годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

**Член 14**

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува градоначалникот на Општината.,

**Член 15**

Буџетските корисници можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места само под услов, ако за тоа се обезбедени средства во буџетот на Општината. За обезбедените средства градоначалникот на Општината дава писмено известување за обезбедените средства, по претходно дадено позитивно мислење од Министерство за информатичко општество и администрација на актите за систематизација.

**Член 16**

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се



враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 17**

Буџетот на Општината Крива Паланка се извршува од 01.01.2016 до 31.12.2016 година.

**Член 18**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“, а ќе се применува од 01 јануари 2016 година.

**Бр. 09- 3376/7** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**28.12.2015 год.** — **Претседател,**
**Крива Паланка** — **М-р.Борче Стојчевски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлука за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2016 година**

1. Се прогласува Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2016 година, што Советот ја донесе на 28-та седница, одржана на ден 28.12.2015 година.
2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.
3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3376/8** — **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**29.12.2015 год.** — **Градоначалник,**
**Крива Паланка** — **Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15 и 154/15), Советот на Општина Крива Паланка, на 28-та седница одржана на 28.12.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2016 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2016 година изнесува 76,8 денари.



**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“, а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2016 година.

**Бр.09-3376/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**28.12.2015 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **М-р. Борче Стојчевски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2016 година**

1. Се прогласува Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2016 година, што Советот ја донесе на 28-та седница, одржана на ден 28.12.2015 година.
2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.
3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3376/10** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**29.12.2015 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 14 ст.4 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002 г.) и член 14 став. 1, т. 41 од Статутот на општина Крива Паланка( Службен гласник на Крива Паланка бр. 08/10), Советот на општина Крива Паланка на седницата, одржана на 28.12.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За давање на согласност за подготовка,аплицирање и имплементација на проект „Културни патишта- мерки за подобрување на пристапот до туристичките локации во прекуграничниот регион Дупница-Крива Паланка “**

**Член1**

Советот на општина Крива Паланка дава согласност општина Крива Паланка како партнер заедно со општина Дупница како водечки партнер да учествува во изработка и аплицирање на проектот **„**Културни патишта- мерки за подобрување на пристапот до туристичките локации во прекуграничниот регион Дупница-Крива Паланка **“,** на Првиот повик за проектни предлози на Програмата ИНТЕРРЕГ-ИПА за прекугранична соработка Бугарија - Македонија, 2014TC16I5CB006-2015-1.



**Член 2**

Советот на општина Крива Паланка дава согласност општина Крива Паланка како партнер заедно со општина Дупница како водечки партнер да учествува во имплементација на активностите во проектот **„**Културни патишта - мерки за подобрување на пристапот до туристичките локации во прекуграничниот регион Дупница-Крива Паланка**“,** на Првиот повик за проектни предлози на Програмата ИНТЕРРЕГ-ИПА за прекугранична соработка Бугарија - Македонија, 2014TC16I5CB006-2015-1

**Член 3**

Советот на општина Крива Паланка дава согласност објектот на интервенција да се користи за целите на проектот **„**Културни патишта- мерки за подобрување на пристапот до туристичките локации во прекуграничниот регион Дупница-Крива Паланка**“** најмалку 5 години по завршување на проектот.

**Член 4**

Општина Крива Паланка ќе ги обезбеди потребните финансиски средства за имплементација на активностите предвидени со проектот **„**Културни патишта- мерки за подобрување на пристапот до туристичките локации во прекуграничниот регион Дупница-Крива Паланка**“** кои по успешна имплементација и завршена ревизија ќе бидат рефундирани на сметка на Буџетот на општината.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а истата ќе се објави во „Службен гласник на општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-3376/11** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**28 .12.2015год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **М.р.Борче Стојчевски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка" бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлуката за давање на согласност за подготовка, аплицирање и имплементација на проект „Културни патишта-мерки за подобрување на пристапот до туристичките локации во прекуграничниот регион Дупница-Крива Паланка**

1. Се прогласува Одлуката за давање на согласност за подготовка, аплицирање и имплементација на проект „Културни патишта-мерки за подобрување на пристапот до туристичките локации во прекуграничниот регион Дупница-Крива Паланка, што Советот ја донесе на 28-та седница, одржана на ден 28.12.2015 година.
2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".
3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

**Бр. 08 – 3376/12** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**29.12.2015 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

---



Врз основа на член 14 ст.4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 г.) и член 14 став. 1, т. 41 од Статутот на општина Крива Паланка( Службен гласник на Крива Паланка бр. 08/10), Советот на општина Крива Паланка на седницата, одржана на 28.12.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За давање на согласност за подготовка,аплицирање и имплементација на проект „„ Р.И.В.Е.Р.С ( Иницијативи за реконструкција на речни корита во ранлива средина на одржливо општество )"**

**Член1**

Советот на општина Крива Паланка дава согласност општина Крива Паланка како водечки партнер заедно со општина Дупница како партнер да учествува во изработка и аплицирање на проектот **„** Р.И.В.Е.Р.С ( Иницијативи за реконструкција на речни корита во ранлива средина на одржливо општество ) **",** на Првиот повик за проектни предлози на Програмата ИНТЕРРЕГ-ИПА за прекугранична соработка Бугарија - Македонија, 2014TC16I5CB006-2015-1.

**Член 2**

Советот на општина Крива Паланка дава согласност општина Крива Паланка како водечки партнер заедно со општина Дупница како партнер да учествува во имплементација на активностите во проектот **„** Р.И.В.Е.Р.С ( Иницијативи за реконструкција на речни корита во ранлива средина на одржливо општество )**",** на Првиот повик за проектни предлози на Програмата ИНТЕРРЕГ-ИПА за прекугранична соработка Бугарија - Македонија, 2014TC16I5CB006-2015-1.

**Член 3**

Советот на општина Крива Паланка дава согласност објектот на интервенција (речното корито) да се користи за целите на проектот **„** Р.И.В.Е.Р.С ( Иницијативи за реконструкција на речни корита во ранлива средина на одржливо општество ) **"** најмалку 5 години по завршување на проектот.

**Член 4**

Општина Крива Паланка ќе ги обезбеди потребните финансиски средства за имплементација на активностите предвидени со проектот**„** Р.И.В.Е.Р.С ( Иницијативи за реконструкција на речни корита во ранлива средина на одржливо општество )**"** кои по успешна имплементација и завршена ревизија ќе бидат рефундирани на сметка на Буџетот на општината.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а истата ќе се објави во „Службен гласник на општина Крива Паланка".

**Бр. 09-3376/13** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**28.12.2015год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **М.р.Борче Стојчевски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе



**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлуката за давање на согласност за подготовка, аплицирање и имплементација на проект Р.И.В.Е.Р.С (иницијативи за реконструкција на речи корита во ранлива средина на одржливо општество)“**

1. Се прогласува Одлуката за давање на согласност за подготовка, аплицирање и имплементација на проект „Р.И.В.Е.Р.С (иницијативи за реконструкција на речни корита во ранилива средина на одржливо општество)“, што Советот ја донесе на 28-та седница, одржана на ден 28.12.2015 година.
2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.
3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3376/14**
**29.12.2015 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 14 ст.4 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002 г.) и член 14 став. 1, т. 41 од Статутот на општина Крива Паланка („Службен гласник на Крива Паланка“ бр. 08/10), Советот на општина Крива Паланка на седницата, одржана на 28.12.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За давање на согласност за користење на салите на Советот на Општина Крива Паланка (мала и голема) за целите на проект „Промоција на туристичките атракции во 3Д“**

**Член 1**

Советот на општина Крива Паланка дава согласност салите (мала сала и голема сала во зграда 2) во сопственост на Советот на Општина Крива Паланка да се адаптираат во рамките на проектот **„Промоција на туристичките атракции во 3Д “,** кој ќе се аплицира од страна на Североисточниот плански регион во рамки на Првиот повик за проектни предлози на Програмата ИНТЕРРЕГ-ИПА за прекугранична соработка Бугарија - Македонија, 2014TC16I5CB006-2015-1.

**Член 2**

Советот на општина Крива Паланка дава согласност салите (мала сала и голема сала во зграда 2) во сопственост на Советот на Општина Крива Паланка да се користат за целите на проектот **„Промоција на туристичките атракции во 3Д “,** најмалку 5 години по завршување на проектот.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а истата ќе се објави во „Службен гласник на општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-3376/15**
**28 .12.2015 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**М.р.Борче Стојчевски,с.р.**

---



Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлуката за давање на согласност за користење на салите на Советот на Општина Крива Паланка (мала и голема) за целите на проект „Промоција на туристичките атракции во 3 Д“**

1. Се прогласува Одлуката за давање на согласност за користење на салите на Советот на Општина Крива Паланка (мала и голема) за целите на проект „Промоција на туристичките атракции во 3 Д“, што Советот ја донесе на 28-та седница, одржана на ден 28.12.2015 година
2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.
3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3376/16** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**29.12.2015 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 14 од Статутот на општина Крива Паланка (Службен гласник на општина Крива Паланка бр.06/03 и 08/10 Советот на општина Крива Паланка на седницата одржана на 28.12.2015 година донесе

**О Д Л У К А**
**За давање согласност на Одлуката УО на ЛУ Градски Музеј за подготовка, аплицирање и имплементација на проектот: „Модерни музеи за подобра туристичка понуда на регионот“**

**Член 1**
Со оваа одлука Советот на општина Крива Паланка дава согласност на Одлуката за УО на ЛУ Градски Музеј за подготовка, аплицирање и имплементација на проектот: *„Модерни музеи за подобра туристичка понуда на регионот“* со бр.02-204/4 од 23.12 2015 на првиот повик за предлог проекти на ИНТЕРЕГ ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Р.Бугарија и Р.Македонија, со реф. бр. 2014TC16I5CB006-2015-1
**Член 2**
Ова Одлука стапува во сила од денот на неговото објавување во Службен гласник .

**Бр.09-3376/17** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**28.12.2015 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **М-р.Борче Стојчевски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе


**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за давање на согласност на Одлуката УО на ЛУ Градски Музеј за подготовка, аплицирање и имплементација на проект „Модерни музеи за подобра туристичка понуда на регионот“**

1. Се прогласува Одлуката за давање согласност на Одлуката УО на ЛУ Градски Музеј за подготовка, аплицирање и имплементација на проект „Модерни музеи за подобра туристичка понуда на регионот“, што Советот ја донесе на 28-та седница, одржана на ден 28.12.2015 година.
2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.
3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3376/18** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**29.12.2015 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 14 од Статутот на општина Крива Паланка (Службен гласник на општина Крива Паланка бр.06/03 и 08/10 Советот на општина Крива Паланка на седницата одржана на 28.12.2015 година донесе

**ОДЛУКА**
**За давање согласност на Одлуката УО на ЛУ Градски Музеј за подготовка, аплицирање и имплементација на проектот: „Заеднички патишта кон заедничка иднина – патување низ културното наследство на Коридорот 8“**
**Член 1**
Со оваа одлука Советот на општина Крива Паланка дава согласност на Одлуката за УО на ЛУ Градски Музеј за подготовка, аплицирање и имплементација на проектот*: „Заеднички патишта кон заедничка иднина – патување низ културното наследство на Коридорот 8“* со бр.02-204/5 од 23.12 2015 на првиот повик за предлог проекти на ИНТЕРЕГ ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Р.Бугарија и Р.Македонија, со реф. бр. 2014TC16I5CB006-2015-1
**Член 2**
Ова Одлука стапува во сила од денот на неговото објавување во Службен гласник .
**Бр.09-3376/19** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**28.12.2015 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **М-р.Борче Стојчевски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлуката за давање на согласност на Одлуката УО на ЛУ Градски Музеј за подготовка, аплицирање и имплементација на проект „Заеднички патишта кон заедничка иднина-патување низ културното наследство на Коридорот 8“**



1. Се прогласува Одлуката за давање согласност на Одлуката УО на ЛУ Градски Музеј за подготовка, аплицирање и имплементација на проект „Заеднички патишта кон заедничка иднина-патување низ културното наследство на Коридорот 8“, што Советот ја донесе на 28-та седница, одржана на ден 28.12.2015 година.
2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.
3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3376/20** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**29.12.2015 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 19, став 1, точка 2 од Законот за управување со отпад („Службен весник на Република Македонија“ број 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15 и 165/15) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ број 08/10), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 28.12.2015година, донесе

**О Д Л У К А**

**За усвојување Програма за управување со отпад на Општина Крива Паланка за 2016 година**

Член 1

Се усвојува Програма за управување со отпад на Општина Крива Паланка за 2016 година.

Член 2

Програмата за управување со отпад е изработена во согласност со Планот за управување со отпад за Општина Крива Паланка (2015 – 2019 ), усвоен од страна на Советот на Општина Крива Паланка.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-3376/21** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**28.12.2015 год.** **Претседател**
**Крива Паланка** **М-р. Борче Стојчевски, с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлука за усвојување на Програма за управување со отпад на Општина Крива Паланка за 2016 година**



1. Се прогласува Одлуката за усвојување на Програма за управување со отпад на Општина Крива Паланка за 2016 година, што Советот ја донесе на 28-та седница, одржана на ден 28.12.2015 година.
2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3376/22** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**29.12.2015 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 22, став 1, точка 13 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), член 38-г. Од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/10), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 28.12.2015 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За избор на член на Совет на млади на Општина Крива Паланка**

**Член 1**
Со ова Решение се врши избор на член на Советот на млади на Општина Крива Паланка.
**Член 2**
За член на Советот на млади на Општина Крива Паланка се избира – САЊА МИЛЧЕВСКА.
**Член 3**
Мандатот на членот на Советот на млади на Општина КРива Паланка трае 4 години.
**Член 4**
Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Br.09- 3376/23** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**28.12.2015 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **М-р. Борче Стојчевски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе
**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Решение за избор на член на Совет на млади на Општина Крива Паланка**



1. Се прогласува Решение за избор на член на Совет на млади на Општина Крива Паланка. што Советот го донесе на 28-та седница, одржана на 28.12.2015 година.
2. Решението да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.
3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3376/24** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**29.12.2015 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав.АрсенчоАлексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 14, став 1, точка 39 од Статутот на Општина Крива Паланка (пречистен текст), („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 8/10), Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на 28.12..2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За усвојување на Годишна Програма за работа на Совет на млади на Општина Крива Паланка**

**Член1**
Со оваа Одлука се усвојува Годишната Програма за работа на Совет на млади на Општина Крива Паланка.
**Член 2**
Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09 –3376/25** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИПАЛАНКА**
**28.12.2015 год.** **Претседател,**
**Крива Палнака** **М-р. Борче Стојчевски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на Советот на млади Крива Паланка**

1. Се прогласува Одлуката за усвојување на Годишна Програма за работа на Советот на млади – Крива Паланка, што Советот ја донесе на 28-та седница, одржана на ден 28.12.2015 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.
3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3376/26** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**29.12.2015 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

---



Врз основа на член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка („Сллужбен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 8/10), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 28.12.2015 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За разрешување член во Управен одбор на ЈП„Комуналец“- Крива Паланка**

1. Се разрешува членот ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ од Управниот одбор на ЈП „Комуналец“- Крива Паланка.
2. Ова Решение влегува во сила 8-от ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09- 3376/27** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**28.12.2015 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **М-р.Борче Стојчевски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Решение за разрешување член на УО на ЈП „Комуналец“ - Крива Паланка**

1. Се прогласува Решение за разрешување член на УО на ЈП „Комуналец“ - Крива Паланка. што Советот го донесе на 28-та седница, одржана на 28.12.2015 година.
2. Решението да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.
3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3376/28** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**29.12.2015 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав.АрсенчоАлексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка („Сллужбен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 8/10), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 28.12.2015 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За именување член во Управниот одбор на ЈП„Комуналец“- Крива Паланка**

1. Се именува член во Управен одбор на ЈП „Комуналец“- Крива Паланка и тоа Елена Стојчевска.

2. Ова Решение влегува во сила 8-от ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.



**Бр.09-3376/29** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**28.12.2015 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **М-р.Борче Стојчевски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Решение за именување член на УО на ЈП „Комуналец“ - Крива Паланка**

1. Се прогласува Решение за именување член на УО на ЈП „Комуналец“ - Крива Паланка. што Советот го донесе на 28-та седница, одржана на 28.12.2015 година.

2. Решението да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3376/30** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**29.12.2015 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав.АрсенчоАлексовски,с.р.**

---

**С О Д Р Ж И Н А**


1. Odluka за усвојување на Буџетскиот календар за планирање на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2016 година ............................................................... 449
2. Буџетски календар за планирање на уџетот на Општина Крива Паланка за 2016 година ........................................................................................................................ 449
3. Заклучок за прогласување на Одлука за усвојување на Буџетскиот ка-ендар за планирање на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2016 год. 450
4. Буџет на Општина Крива Паланка за 2016 година .................................................. 451
5. Заклучок за прогласување на Одлука за усвојување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2016 година ..................................................................................... 451
6. Одлука за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2016 год. 452
7. Заклучок за прогласување на Одлука за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2016 година ........................................................................... 455
8. Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2016 година ............................................................................................. 455
9. Заклучок за прогласување на Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2016 година ............................................ 456
10. Одлука за давање на согласност за подготовка, аплиирање и имплементација на проект „Културни патишта-мерки за подобрување на пристапот до туристичките локации во прекуграичниот регион Дупница-Кр.Паланка“ 456
11. Заклучок за прогласување на Одлука за давање на согласност за подготовка, аплиирање и имплементација на проект „Културни патишта-мерки за подобрување на пристапот до туристичките локации во прекуграичниот регион Дупница-Кр.Паланка“ ......................................................................................... 457
12. Одлука за давање на согласност за подготовка, аплицирање и имплементација на проект Р.И.В.Е.Р.С (Иницијативи за реконструкција на речни корита во ранлива средина на одржливо општество)“................................................ 458
13. Заклучок за прогласување на О)длука за давање на согласност за подготовка. Аплицирање и имплементација на проект Р.И.В.Е.Р.С (Иницијативи за реконструкција на речни корита во ранлива средина на одржливо општество)“ ........................................................................................................................ 459
14. Одлука за давање согласност за користење на салите на Советот на Општина Крива Паланка (мала и голема) за целите на проект „Промоција на туристичките атракции во 3Д“........................................................................... 459

15. Заклучок за прогласување на Одлука за давање согласност за користење на салите на Советот на Општина Крива Паланка (мала и голема) за целите на лпроект „Промоција на туристичките актракции во 3Д“ ................. 460
16. Одлука за давање согласност на Одлуката на УО на ЛУ „Градски музеј’ за подготовка, аплицирање и имплементација на проект „Модерни музеи за подобра туристичка понуда на регионот“........................................................................ 460
17. Заклучок за прогласување на Одлука за давање согласност на Одлуката на УО на ЛУ “Градски музеј“ за подготовка, аплицирање и имплементација на проект „Модерни музеи за подобра туристичка понуда на регионот“.... 461
18. Одлука за давање согласност на Одлуката на УО на ЛУ „Градски музеј“ за подготовка, аплицирање и имплелментација на проектот „Заеднички патишта кон заедничка иднина-патување низ културното наследство на Коридорот 8“.............................................................................................................................. 461
19. Заклучок за прогласување на Одлука за давање согласност на Одлуката на УО на ЛУ „Градски музеј“ за аплицирање и имплементација на проектот „Заеднички патишта кон заедничка иднина-патување низ културното наслелдслтво на Коридорот 8“ ..................................................................................................... 461
20. Одлука за усвојување Програма за управување со отпад на Општина Крива Паланка за 2016 година ............................................................................................................ 462
21. Заклучок за прогласување на Одлука за усвојување на Програма за управување со отпад на Општина Крива Паланка за 2016 година .................... 462
22. Решение за избор на член на Совет на млади на Општина Кр.Паланка........ 463
23. Заклучок за прогласување на Решение за избор на член на Совет на млади на Општина Крива Паланка ..................................................................................................... 463
24. Одлука за усвојување на Годишна програма за работа на Совет на млади Крива Паланка .............................................................................................................................. 464
25. Заклучок за прогласување на Одлука за усвојување на Годишна програма за работа на Совет на млади Крива Паланак................................................................. 264
26. Решение за разрешување член на УО на ЈП „Комуналец“-Крива Паланка 465
27. Заклучок за прогласување на Решение за разрешување член на УО на ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка ......................................................................................... 465
28. Решение за именување член на УО на ЈП „Комуналец“-Крива Паланка 465
29. Заклучок за прогласување на Решение за именување член на УО на ЈП „Комуналец“-Крива Паланка .......................................................................................... 466